Јули 2012 Бр.129

# FOREVER
MACEDONIA





# ЛЕТЕН БИЗНИС ПРЕДИЗВИК

## Заработете патување и атрактивни награди!

**Квалификационен период:**
**1 јули – 30 септември 2012 г.**

Создадете здрави основи на својот успешен бизнис, посетете го убавиот Солун и дополнително заработете високотехнолошки инструменти за работа! Ќе уживате во неповторливата историска атмосфера на вториот по големина град на нашиот јужен сосед, ќе учествуваат на ДЕН НА УСПЕХОТ на ФЛП Грција и ќе го развивате бизнисот во чекор со времето!

**Бидете активни со 4 б. во трите месеци на квалификациониот период, спонзорирајте три нови дистрибутери во прва линија и помогнете на најмалку двајца од нив да станат Асистент Супервизори. Работете со новата група од трите дистрибутери и нивните мрежи за да ги реализираат вкупните обеми, опишани во шемата подолу. Во нив не се вклучуваат вашите лични порачки.**

## ПРВО НИВО

Вкупен обем од најмалку **12 б.** во рамките на вашата нова група.

★ **ПАТУВАЊЕ ДО СОЛУН**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА*






## ВТОРО НИВО

Вкупен обем од најмалку **24 б.** во рамките на вашата нова група.

★ **ПАТУВАЊЕ ДО СОЛУН**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА *
★ **МОБИЛЕН СМАРТ ТЕЛЕФОН**






## ТРЕТО НИВО

Вкупен обем од најмалку **36 б.** во рамките на вашата нова група.

★ **ПАТУВАЊЕ ДО СОЛУН**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА*
★ **10” ТАБЛЕТ**
(Android 3.2, WiFi, камера)






* УШТЕ 4 Б. КОН ВКУПНИОТ МИНИМАЛЕН ОБЕМ ОД НОВАТА ГРУПА, И ЗАРАБОТЕНОТО ПАТУВАЊЕ ЌЕ БИДЕ ЗА ДВАЈЦА (предметната награда останува една). Патувањето вклучува три дена (две ноќевања) во период 19-21 октомври 2012 г. во хотел со две или три ѕвезди во Солун, транспорт со автобус (Скопје-Солун-Скопје), туристичка обиколка на Солун и посета на ДЕН НА УСПЕХОТ на ФЛП Грција на 21 октомври 2012 г. Сите барања треба да бидат исполнети од 1 јули до 30 септември 2012 г. на територијата на Македонија и Бугарија. Во квалификацијата можат да учествуваат дистрибутери, регистрирани не подоцна од јули, бидејќи треба да имат активност и во трите месеци на квалификациониот период. За дата на регистрација се смета датата на која дистрибутерот ќе направи прва порачка и договорот ќе му биде внесен во базата на податоци на централната канцеларија во САД. Дистрибутерите сами ја следат квалификацијата, со пополнување на приложената шема. Најдоцна три дена по завршување на септември, шемата со квалификацијата треба да биде предадена за проверка и одобрение лично во канцеларијата на ФЛП Македонија или испратена скенирана по електронска пошта. За повеќе информации и прашања се обраќате на својот спонзор или во канцеларијата на ФЛП Македонија. Наградите не можат да бидат добиени во форма на пари и не можат да бидат пренесени на друго лице. Конечната одлука дали сите барања се исполнети коректно се носи од ФЛП Бугарија/Македонија.

FOREVER

## Живејте го животот за кој мечтаете

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Многу мудар човек еднаш рекол: “Не дозволувајте им на денешните разочарувања да ги помрачат утрешните мечти.” Во 34-годишната историја на Форевер сме се соочиле со многу предизвици – од замрзнати плантажи со алое, преку економски кризи, до бескрупулозни конкуренти. Сме имале многу поводи за разочарување, но јас многу одамна цврсто решив да го следам овој мудар совет. Никогаш не сум дозволил потешкотиите или стравот од неуспех да ми ја помрачат мечтата за Форевер.

Сум научил дека еден од најтешките моменти во исполнувањето на мечтите или на позитивна промена, е да одолееш на инерцијата и да го направиш првиот чекор. За мнозина неопходноста да вложат напор за промена на почетокот е сериозна препрека и тие едноставно се предаваат на стравот дека поставената цел е недостижна.

Не ја заборавајте важната вистина, дека стравот може да нè контролира само ако му дозволиме. Ние самите имаме моќ да одлучиме како да реагираме во дадена ситуација.

Во претходното мое обраќање кон вас, ви раскажав за принципот на стоте степени – идејата дека при 99°C ништо не се случува со водата,но ако додадеме само уште еден степен,таа започнува да врие. Минимално зголемување на усилбите води до важна трансформација. На интернет адресата 212movie.com ќе најдете мотивационен филм, кој подетално го разгледува овој принцип. Нè учи дека и најмалата дополнителна усилба може да направи огромна разлика. Еден од примерите кои ги цитирам е дека во последните 10 години победничката разлика во една од најпрестижните трки на Формула 1 – Индианаполис 500, е едвај секунда и половина. Со други зборови – разликата меѓу печалбата и загубата е под 2 секунди.

Треба да го применувате овој важен принцип во својот живот. Ако оставите да бидете победени од стравот, може да се покаже дека денот во кој ќе се предадете и откажете, е едвај на еден степен, на две секунди или на еден дистрибутер растојание од успехот. Само замислете си што би станало, ако човекот кој го спонзорирал Ролф Кип во Форевер се беше откажал пред да го сретне. Дури и иднината да не се развие така како што ја планирате, никогаш нема да зажалите што сте ја следеле мечтата и не сте се откажале поради стравот.

Понекогаш надминувањето на тешкотиите се сведува на едно просто прашање: како? Како да се ослободите од стравовите, за да не ги саботираат вашите усилби? Како да ги заглушите и да се натерате да го направите следниот чекор, а по него уште еден и уште еден? Еве неколку предлози кои мислам дека ќе ви бидат од корист.

**1. Определете ги потенцијалните тешкотии**

Набројте ги сите фактори кои можат да ве принудат да се откажете. Бидете конкретни. Кои жртви ќе ви е најтешко да ги направите? Какви промени може да ве извадат од зоната на комфор? Поставете си го следното прашање: „Каква ќе е отплатата, ако продолжам напред?” Во Форевер одговорот е јасен.

**2. Радувајте се на сите мали победи.**

Кога имате високи цели лесно е да чувствувате незадоволство, додека целосно не ги реализирате. Ако сакате да станете Менаџер „Орел”, може да ви се чини дека да помогнете за развојот на Супервизорски екипи под вас е само една од задачите кои треба да ги завршите. Но тоа всушност е многу повеќе. Градењето и развојот на вашата мрежа е еден од најголемите успеси по патот кон вашите мечти. Тоа покажува колку сте неверојатни – талентирани, способни, мотивирани и силни!

Ако се наградувате за секој мал успех, најверојатно тие ќе продолжат да се нижат и постепено ќе ве одведат таму каде сакате да бидете.

**3. Никогаш не престанувајте да верувате.**

Многу често луѓето се откажуваат, бидејќи престануваат да веруваат дека животот кон кој се стремат е достижен. Започнуваат да резонираат „разумно” и си велат: „Сигурно е тешко остварливо и нереално.” Или дури можат да се залажуваат дека всушност и немаат таква желба да живеат поинаку. Во такви моменти кажете си: „Можам да го направам. Токму сега е мојата шанса да го заживеам животот за кој мечтаам. Форевер е можноста која ја чекам толку време. Продолжувам напред!”

Денес одлучете да ги исполните „утрешните мечти”, ослободувајќи се од сомнежите и стравовите – какви и да се тие. Дојдете на нашето последно Супер Рели во прекрасниот Феникс со мисла дека независно од препреките со кои сте се соочиле минатата година, сега сте спремни да им одолеете и да победувате.

Многу силно верувам во можностите кои Форевер ги нуди. Верувам и во вас и знам дека имате сила да станете тоа што сакате. Затоа не чекајте повеќе ниту миг – ослободете се од стравовите, радувајте се на успесите и никогаш не престанувајте да верувате.

Ќе се видиме во Феникс!
Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## Драги пријатели,

Додека комуницираме со вас и ја обиколуваме државата, за да ги претставиме можностите кои компанијата ги нуди за подобро здравје и финансиска независност, непрекинато стануваме сведоци како мнозина си го променуваат животот. Тие постигнуваат нешта, за кои пред средбата со Форевер не се ни осмелувале да мечтаат. Одличните производи на компанијата го враќаат здравјето, виталноста и желбата за подобар живот кај стотици и илјадници задоволни корисници. Сопствените плантажи со алое вера, патентираните процеси за производство на производите, како и контролата за време на целиот тој процес, ни даваат не само големо разнообразие од производи, туку и гаранција за нивниот квалитет и позитивно влијание врз целиот организам. Иако повеќе од 10 години ги употребуваме овие производи секој ден, не запираме да откриваме нивни нови полезни влијанија.

Но ова е само мал дел од задоволството да сме дел од семејството на Форевер Ливинг Продактс. Уште поголема радост ни претставува постојано да гледаме како „нормални и обични“ во сопствените очи луѓе успеваат да постигнат необични нешта. Всушност секој кој цврсто одлучил да заживее нов, подобар и поквалитетен живот и започнал да го прави неопходното за да може тоа да се случи, не е „нормален и обичен“ човек. Храброста да започнеш и никогаш да не се откажуваш е квалитет на луѓето кои знаат дека можат и заслужуваат многу повеќе. Сите вие сте такви упорни личности и ние ги уважуваме вашите постигнувања. Мрежниот маркетинг и маркетинг планот на Форевер даваат можност секому за пасивни, неограничени и постојано растечки доходи, за нов автомобил, нов дом, егзотични патувања, дел од профитот на компанијата и многу други материјални и нематеријални придобивки. Но само луѓе како вас – со мечти и цврста верба во нивното исполнување, навистина живеат живот каков што сакаат и заслужуваат. Продолжувајте да мечтаете и не си поставувајте лимити и бариери, зошто со ФЛП се е можно. И колку повеќе постигнувате како дистрибутери на компанијата, толку повеќе нови можности ќе се отвораат пред вас.

Вашите цели и планот за нивното исполнување ќе ви кажат што да правите. Секојдневната, седмичната и месечната подготовка и организација на вашите активности ќе ви дадат можност да го направите неопходното. Но тоа што ќе определи дали ќе стигнете до крајот, се духот и вредностите на компанијата од која сме дел сите ние. А нејзиниот дух и вредности се такви, што нè мотивираат и нѝ ја мобилизираат енергијата за да го дадеме најдоброто од себе и да вложиме максимални усилби, за кои ќе бидеме и максимално наградени.

Можностите и предизвиците во следните неколку месеци са неверојатни и ние сме сигурни дека со духот на Форевер и со вашата посветеност ќе се справите со нив.

Нека ова лето со ФЛП остане незаборавно за сите вас!

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви




# Смирувачки спреј за кожа со алое

Форевер Ливинг Продактс има иновативна палета на производи за нега на кожа кои се одлични овлажнувачи на кожата и исцелители, и се спакувани во удобни и спремни за употреба пакувања. Смирувачкиот спреј со алое е одличен додаток за комплетот за прва помош. Неговата ексклузивна формула овозможува итна одбрана од инфекции и воспаленија на кожата. Производот е во форма на спреј и е лесен за нанесување на места кои се премногу осетливи и болни за да се допираат. Смирувачкиот спреј од алое е дизајниран да помага при: лесни посекотини, модринки, гребаници, каснатини и убоди од инсекти, разни воспаленија на кожата вклучувајќи и егзема и сл., има и смирувачко дејство на изгореници и изгореници од сонце.

Ако се нанесува на косата, одлично ќе не заштити од хлорот, и истото така ќе се заштитиме од штетините УВ сончеви зраци. Го спречува опаѓањето на косата, и се користи во фризерските салони како заштита од разните штетни бои и раствори кои ја сушат и оштетуваат косата. Во неговиот состав има голема количина на стабилизиран алое вера гел, иста така содржи и прополис, алантоин и 11 други ексклузивни екстракти од растенија кои го прават овој производ богат со ензими, амино киселини, минерали и витамини. Овие состојки овозможуваат производот да има астрингентно и лекувачко дејство.

**Алантоин** – неговото базично дејство е да ги обновува и подмладува клетките и ткивото. Алантоинот може да се најде во повеќе хербални лекови. Неговите лековити и смирувачки компоненти помагаат да ја направат кожата отпорна на разни чирови.

**Пчелен прополис** – Пчелите го користат прополисот за да ги формираат кошниците и да ги стерилизираат. Оваа компонента го зголемува природниот антибиотички ефект на смирувачкиот спреј од алое вера.

**Екстракт од невен** – Невенот е познат лек за исекотини, гребаници и рани. Се користи кај: акни, егзема, псоријаза и други воспаленија на кожата.

**Екстракт од бела ајдучка трева** – Белата ајдучка трева е ефективна за згрутчување при посекотини и гребнатини. Таа го прави Смирувачкиот спреј од алое вера одличен производ за посекотини и модринки.

**Екстракт од мајчина душица** – Мајчината душица е богата со есенцијални масла кои содржат тимол, моќен антисептик, има антибактериско дејство и е моќен антиоксидант.

**Екстракт од камилица** – Камилицата е прогласена за божествено растение од античките Египјани заради нејзината разноврсна моќ за лекување. Нанесена надворешно ги решава проблемите со кожата и има антиалергиско дејство.

**Екстракт од глуварче** - Глуварчето има детоксификациони можности и позитивно влијае против кожните болести како егзема, псоријаза, акни и ги чисти кожните флеки.

**Екстракт од еукалиптус (масло)** – Еукалиптусот има моќен анти-инфламаторен и стимулирачки ефект. Исто така е и природен антибиотик.

**Екстракт од божја круна** – Божјата круна има антиспазматично и антиинфламаторно дејство, исто така и ја ублажува мускулната згрченост. Како седатив делува смирувачки на нервите.

**Екстракт од жалфија** – Жалфијата е позната по нејзиното антисептичко дејство во постарите времиња, масовно е користена за подготовка на маст за рани, исто така го сопира крварењето и помага против чирови.

**Екстракт од ѓумбир** – Ѓумбирот е познат по неговото антисептично и антиинфламаторно дејство, делува ублажувачки против разни болки. Заедно со други билки дејствува во хармонија и ги потенцира нивните добротворни ефекти.

**Екстракт од боражина** – Кога ќе ја нанесеме боражината надворешно, делува позитивно против воспаленија и отоци. Таа делува многу смирувачки на кожата.

**Екстракт од сандалово дрво** – Овој екстракт делува екстремно благотворно на кожата, има пријатна арома, антисептично и астригентно дејство.

Синергетската мешавина на овие моќни растенија го прават Смирувачкиот спреј со алое вера единствен производ за домашна нега. Производот овозможува почетна заштита против потенцијални инфекции и воспаленија на кожата предизвикани од повредите од секојдневните активности. Исто така води грижа за обичните дневни проблеми како промени на времето, испукана кожа, испукани усни, воспаление од неудобни обувки, алергии од бижутерија или метални токи. Навистина Смирувачкиот спреј од Алое Вера треба да е “првата помош” која ни е на дофат.





# Дома со Magnus Adlercreutz

**Магнус, Вие бележите огромен успех со Форевер. Некои велат дека сте добитник на лотарија.Можете ли да ни́ објасните подетално како успеавте?**

Да, поминаа 10 години како сум во Форевер. Мојот тим постигнува 10.000 бодови годишно, а со тоа јас постигнав да сум меѓу првите 10 дистрибутери во светот. Последиците се очигледни, тоа предизвика многу додворувања. *Како што ви е познато , моите сестри и јас го наследивме бизнисот од нашата мајка Babbi Wallenberg.* Не беше лесно да се одлучиме да продолжиме со Форевер, и да ги чекориме стапките на нашата мајка. Јас бев скептичен, си помислував дека среќата со Форевер ќе трае само неколку години. Сега ако погледнам во минатото, знам дека Форевер е најдобриот и најдолгорочниот бизнис во мрежниот маркетинг.

Јас веќе имав започнато кариера во банкарскиот бизнис, во Њу Јорк, Лондон и Стокхолм и згора на тоа одев на студии во Осло. Сето тоа запре кога мојата мајка се разболе. Денес сум пресреќен што ја зграпчив можноста што ја нудеше Форевер. Во тој период мрежата на мојата мајка стана доста значајна, и иако многу од нашиот тим се откажуваа, продажбата се зголемуваше.

**Што Ве прави најмногу горди во работата со Форевер?**

Најмногу се гордеам со фактот дека успеав да ја задржам и продолжам мрежата што ја започна мојата мајка. Вложивме многу работа и упорност, но вредеше, посебно поради одличните пријателства кои ги воспоставив во изминатите години. Ние имаме одлична култура, позитивен дух и одлична заедница.

**И сега кажете го она што ги интересира сите... Што да направиме за да успееме?**

Веројатно ова сте го слушнале и досега: не постои " лесен бизнис". Сè се сведува на тоа колку сте ангажирани, секојдневно да сте активни, да присуствувате на секоја обука и на сите денови на успехот. Јас лично имам партиципирано на стотици вакви настани.

Исто така мислам дека е многу важно да се води дневник. Секогаш со мене си имам мал бележник за да можам да прибележувам сè што ми е потребно, никогаш не запишувам на листови кои можат лесно да се загубат. Многу од моето знаење е стекнато од луѓе кои веќе се успешни, затоа слушајте ги успешните и споделувајте ги искуствата со другите. *Понатаму, вашиот став е многу важен, бидејќи потрошувачите најпрво ве купуваат вас, а не производите.* Интуитивно, повеќето луѓе знаат што значи тоа. Немојте да ги поздравувате луѓето со обично ракување, мора да имате насмеан израз на лицето, за да приметат дека сте задоволни и да ја разберат вашата посветеност. Ова е клучно за вашиот успех.

Ако сакате да работите со Форевер мора да научите да споделувате. Помагањето на другите да успеат е исто така многу важно. Важно е и да ги истакнете квалитетите на секого, и да дискутирате искрено и релевантно за нешто што некој навистина го постигнал. Ние навистина не можеме да добиеме или да дадеме доволно признанија, и тоа нè прави посебно среќни и горди.



Вие треба да бидете модел за тимот со кој работите. Јас секогаш го имам мојот Форевер бележник и Форевер пенкало со мене. Истото важи и за Каталогот на производи и брошурата "Најдобра бизнис можност на светот". И запомнете, никогаш немојте да влегувате во детали за компанијата, само одвојте ги најважните работи- дека компанијата расте многу брзо, дека може да ви понудиме подобро здравје, многу финансиски можности и со тоа и побогат и подобар живот.

Исто така може да кажете дека со Форевер може да работите секаде во светот. Но јас претпочитам да работам тука во Скандинавските земји. За сите кои се сериозни и сакаат да работат, можностите се таму кај што се наоѓате. Но со новата опција "Going Global" имаме многу нови прекрасни опции. Денес сè е полесно, благодарение на многуте социјални мрежи и ефтините/бесплатните телекомуникациски услуги.

**Како ја гледате вашата иднина ?**

Како што веќе напомнав, многу е важно да ја зграпчите секоја можност и да направите нешто од неа. Ние имаме долгорочна и возбудлива мисија – да им овозможиме на луѓето подобар живот. Работам 10 години и имам постигнато големи резултати. Многумина се чувствуваат подобро и тоа не само заради парите и скапите работи. Секако дека е многу убаво да не ги гледаме цените кога ќе одиме да купуваме, и да можеме да си дозволиме сè што сакаме. Но, убаво е и да имаме повеќе време за себе, да не се чувствуваме секогаш смачкани од часовникот, туку да имаме можност да го искористиме времето така како што најмногу ни́ одговара.Форевер ни́ дава попозитивен став кон нашиот животен стил и кон луѓето околу нас. И можеби најважно од сè е тоа што ни́ дава можност да сме великодушни кон луѓето.

Јас нестрпливо чекам да ја доразвијам мојата мрежа, да одговарам на различните предизвици и да присуствувам на Релијата за да запознаам нови прекрасни луѓе. До сега моето искуство е многу позитивно. Живеам во Стокхолм и живеаам доста раскошно, благодарение на Форевер. Живеам живот за кој многумина можат само да сонуваат, но и живот кој може лесно да стане реалност за оние кои ќе ги остварат и искусат и предизвиците и можностите што ги нуди Форевер.

# SUCCESS DAY 23.06.2012







































## Алое ден Штип 04.06.2012




## Алое ден Неготино 19.06.2012



## Квалификации за јуни 2012

### Асистент Супервизори

1. Богоевска Василевска Лилјана и Василевски Горан – Скопје
2. Бојовски Костадин и Емилија – Скопје
3. Валмарски Јован – Скопје
4. Дишлиески Наталија и Михајло – Охрид
5. Ѓорѓиеви Сузана и Горан – Скопје
6. Здравкови Венета и Мики – Кочани
7. Јованоска Снежана – Струга
8. Крифца Лаура и Исмаил – Скопје
9. Марковски Роберт и Сања – Скопје
10. Мартиновски Јелица и Зоран – Скопје
11. Србаковски Пецо и Јасмина- Кичево
12. Станковска Марина – Штип
13. Трајкови Васил и Јулијана – Штип
14. Трпчеви Елизабета и Дејан – Скопје
15. Чортаноски Гоце и Тина – Кичево
16. Шулајковски Јагода и Методија – Охрид

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за јуни 2012

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Вера Златковска
2. Др.Снежана Контра
3. Др.Роза Гелевска
4. Славица Донакова
5. Катерина Трајчевска
6. Николина Ѓорѓиева
7. Младен Димовски
8. Слафко Михајловски
9. Елена Мишевска
10. Зорка Малинова

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Вера Златковска
5. Катерина Трајчевска
6. Др.Снежана Контра
7. Др.Роза Гелевска
8. Младен Димовски
9. Николина Ѓорѓиева
10. Елена Мишевска

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
www.foreverliving.com
ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

# Aloe Ever-Shield Deodorant Stick

## Сув дезодоранс со Алое




Овој дезодоранс навистина ја зголемува самодовербата и го задржува чувството на свежина преку целиот ден. Aloe Ever-Shield Deodorant Stick ви обезбедува ефекасна целодневна заштита од непријатниот мирис, а може да го нанесете веднаш откако сте се истуширале или сте завршиле со депилација, без да ја дразни кожата. Форевер Ливинг Продуктс создаде производ од кој максимално се користат дезодорансните својства на Алоето во кои нема штетни состојки за вашето здравје.

Оваа нежна формула со стабилизиран гел од Алое Вера не содржи штетни соли на алуминиум, кои што го потиснуваат потењето, а ги среќаваме во многу дезодоранси присутни на пазарот. Алуминиумот е токсичен метал. Се смета дека неговото натрупување во организмот го оштетува нервниот систем, а некои научници ја поврзуваат "презаситеноста" со алуминиум со Алцхајмеровата болест. Алуминиумот може да го наруши калциумовиот баланс во организмот поради влијанието врз активноста на паратироидната жлезда. Преголемото количество паратироидни хормони водат кон високо ниво на калциум во крвта што се поврзува со болки во коските, психијатриски симптоми и констипација. Се гордееме што можеме да ви претставиме производ кај кој сите тие опасности се избегнати, без тоа да се одрази на квалитетот.

Погодната форма на дезодорансот овозможува нанесување само таму каде што вие сакате. Специјалната формула се нанесува мошне нежно и не остава траги врз облеката, дури и по подолга употреба.

## АЛОЕ ДЕН ДОЈРАН

**27. 07. 2012**

**Хотел "Полин", почеток: 19 часот**




# Avocado Face & Body Soap

## Сапун за лице и тело со авокадо

Нежен сапун со силни хидратирачки својства, благодарение на маслото од авокадо. Вашето лице и тело ќе бидат задоволително мазни и чисти. Свежата цитрусна арома ќе ви даде енергија при секое капење.